Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-402/4
05-06-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-402/1 од 10.05.2024 година, поднесена од поранешниот претседател на Република Северна Македонија, г-дин Стево Пендаровски, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација од страна на кандидатката за претседател, сега претседателка на Република Северна Македонија, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, политичката партија ВМРО – ДПМНЕ, претседателот на политичката партија ВМРО – ДПМНЕ, г-дин Христијан Мицкоски и кандидатите за пратеници и поддржувачи на Гордана Силјановска Давкова, и тоа – г-дин Александар Николовски, г-а Дафина Стојаноска, г-дин Владо Мисајловски и г-дин Драган Ковачки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по претставката број 08–402/1 од 10.05.2024 година, поднесена од поранешниот претседател на Република Северна Македонија, г-дин Стево Пендаровски, **поради повлекување на претставката од страна на подносителот.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 10.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на поранешниот претседател на Република Северна Македонија, г-дин Стево Пендаровски, против кандидатката за претседател, сега претседателка на Република Северна Македонија, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, политичката партија ВМРО – ДПМНЕ, претседателот на политичката партија ВМРО – ДПМНЕ, г-дин Христијан Мицкоски и кандидатите за пратеници и поддржувачи на Гордана Силјановска Давкова, и тоа г-дин Александар Николовски, г-а Дафина Стојаноска, г-дин Владо Мисајловски и г-дин Драган Ковачки.

Во претставката се наведува дека во Државната Изборна Комисија на 02.04.2024 година сите кандидати за претседател на Република Северна Македонија потпишале Кодекс за фер и демократски избори со кој изразиле согласност дека нема да користат говор на омраза и нема да вршат никаква дискриминација и омаловажување преку своите јавни настапи и митинзи за време на изборната кампања и со своите позитивни активности ќе придонесат кон градење доверба во изборниот процес и кон

зацврстување на фундаменталните вредности во едно демократско општество. Се наведува дека од почетокот на изборната кампања за Претседателските избори 2024 година, кандидатката за претседател, сега претседателка на Република Северна Македонија, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, политичката партија ВМРО – ДПМНЕ преку свои соопштенија и изјави, како и претседателот на политичката партија ВМРО – ДПМНЕ, г-дин Христијан Мицкоски, а воедно и кандидатите за пратеници и поддржувачи на кандидатката за претседател, сега претседателка на Република Северна Македонија, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, и тоа г-дин Александар Николовски, г-а Дафина Стојаноска, г-дин Владо Мисајловски и г-дин Драган Ковачки, преку своите јавни настапи, митинзи, изјави за медиуми и интервјуа, преку континуирани навреди, омаловажувања и понижувања го кршеле Кодексот потпишан и поддржан од кандидатката за претседател, сега претседателка на Република Северна Македонија, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова и вршеле повреда на неговото лично достоинство, чест и углед, согласно член 10 став (1) и член 13 од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Понатаму, во претставката се наведува дека гореименуваните лица кон подносителот континуирано во текот на целата изборна кампања упатувале навреди, омаловажувања и понижувања по основ на политичко уверување, лично својство, општествен статус, образование, се демонстрирала објективизација и се промовирала негова потчинетост кон друга етничка заедница.

По ова од страна на подносителот на претставката, г-дин Стево Пендаровски, поранешен претседател на Република Северна Македонија, на 17.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставено е Известување број 08-402/2 за повлекување на поднесената предметна претставка.

Врз основа на гореизнесеното, а согласно член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) со кој е утврдено дека: ***"Комисијата носи заклучок за неповедување или запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето."***, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
28.05.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Г-дин Стево Пендаровски, [redacted]
- Архива